Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**Воспитно поправен дом Тетово**

Бр.04-610/7
Од 06.08.2025 г

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РСМ" бр. 99/2019 и 220/2019) а в.в. со објавениот Интерен оглас за унапредување во Воспитно поправен дом Тетово со број 01/2025 година, Директорот на Воспитно поправен дом Тетово донесе:

**О Д Л У К А**

***за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на државен службеник на неопределно работно време***

**1.**По објавениот Интерен оглас за унапредување на државен службеник со **број 01/2025 објавен на ден 28.07.2025 година** во веб страната на Агенцијата за администрација како и на нејзината огласна табла во ВПУ Воспитно поправен дом Тетово и во електронска форма на веб страната на Управата за извршување на санкциите, за работно место под реден број еден со шифра УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за ресоцијализација во Сектор за ресоцијализација во Воспитно-поправен дом Тетово, СЕ ИЗБИРА кандидатот –**Наташа Ристовска**.

**2.**По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе соодветно Решение за унапредување на избраниот кандидат на неопределено работно време.

***О б р а з л о ж е н и е***

ВПУ Воспитно поправен дом Тетово, на ден **28.07.2025 година** во веб страната на Агенцијата за администрација како и на нејзината огласна табла во ВПУ Воспитно поправен дом Тетово и во електронска форма на веб страната на Управата за извршување на санкциите, објави Интерен оглас со број 01/2025 за унапредување еден 1 извршител, шифра УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за ресоцијализација во Сектор за ресоцијализација во Воспитно-поправен дом Тетово .

Директорот на ВПД Тетово на 01.08.2025 година формира Комисија за унапредување по интерен оглас бр.04-637/2 од 01.08.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас изготви Записник од административна селекција за државен службеник бр.04-610/4 од 06.08.2025 година и од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 04-610/5 од 06.08.2025 година, по што состави ранг листа на кандидати кои ја поминале администативната селекција.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидат.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово донесе одлука за работно место под реден број два со шифра шифра УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за ресоцијализација во Сектор за ресоцијализација во Воспитно-поправен дом Тетово да го избере кандидатот **Наташа Ристовска**.


Министерство за правда
Воспитно поправен дом Тетово
с. Волковија, Тетово
Република Северна Македонија
+389 44 339 144
www.pravda.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите
Воспитно поправен дом Тетово

**ПРАВНА ПОУКА**: *Против оваа Одлука може да се изјави жалба до комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен при агенцијата за администрација.*

**Изработил:**
Амир Зеќири

**ДИРЕКТОР НА**
**Воспитно поправен дом Тетово**
Бране Стојчевски

Примено:
Наташа Ристовска
Р. Наташа, 06.08.2025


Министерство за правда
Воспитно поправен дом Тетово
с. Волковија, Тетово
Република Северна Македонија
+389 44 339 144
www.pravda.gov.mk